Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Совет на јавните обвинители на
Република Северна Македонија
Këshilli i Prokurorëve Publik i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-38/1
05.03 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

***Февруари, 2026 година***

## СОДРЖИНА


**ВОВЕД** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **4**

**I. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **6**

1. Поставеност во системот и состав . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
2. Надлежност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

**II. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ И СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **10**

1. Седници на Советот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10
2. Разгледување на извештаите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

**III. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **12**

1. Објавени огласи за избор на јавни обвинители . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
2. Избор на јавни обвинители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
3. Разрешување и престанок на функцијата јавен обвинител . . . . . . . . . . 14
4. Дисциплински постапки пред Советот на јавните обвинители. . . . . . . . 15

**IV. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **16**

1. Општи податоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
2. Систематизирани и пополнети јавно обвинителски места, полова и етничка припадност по обвинителства . . . . . . . . . . . . . . . . . 17

**V. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **25**

1. Општ дел . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
2. Примени претставки и поплаки и постапување . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
3. Постапување по други поднесоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
4. Постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер ........................................................................... 33

**VI. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ, ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **33**

1. Соработка на Советот со државни органи, институции и меѓународна Соработка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33

**VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **37**

1. Транспарентност и односи со јавноста на Советот на јавните обвинители ... 37

**VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА . . . . . . . . 38**

1. Состав на Советот . . . . . . . . 38
2. Внатрешна организација . . . . . . . . 39
3. Услови за работа . . . . . . . . 40

**IX. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И БУЏЕТ . . . . . . . . 40**

1. Одобрен и реализиран буџет . . . . . . . . 40

# ВОВЕД

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е основан согласно Уставот на Република Македонија во 2008 година. Основна цел за неговото формирање е обезбедување на самостојност, професионалност и стручност во вршењето на функцијата на кривичното гонење како една од трите основни функции во казнената постапка (гонење, одбрана, судење).

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно член 9 алинеја 18 и член 13 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и член 41 од Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители, за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија со целосна транспарентност и отчетност, на кој начин опсежно и статистички прецизно ги информира пратениците и јавноста за работата од негова надлежност и за состојбите во јавните обвинителства во Република Северна Македонија. Годишниот извештај за својата работа Советот го разгледува и усвојува на седница со мнозинство гласови од вкупниот број членови и по неговото усвојување го доставува до Собранието, Владата и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а го објавува и на веб страницата на Советот.

Советот на јавните обвинители како колективно тело согласно Уставот и законите ја гарантира самостојноста и независноста на јавните обвинители, врши контрола над нивното работење и работи на зголемување и одржување на довербата на јавноста во правосудниот систем, која е од круцијално значење за правилно имплементирање на принципот на владеење на правото. Во таа смисла, во извештајната 2025 година Советот на јавните обвинители донесе Правилник за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, како и Стратегија за комуникација и транспарентност 2025-2028 година, објавени на веб страницата на Советот.

При вршење на својата функција, Советот на јавните обвинители има за цел да обезбеди и да ја гарантира самостојноста на јавните обвинители во вршењето на нивната функција, така што и во 2025 година продолжи да ги следи состојбите во јавните обвинителства, работата на јавните обвинители врз основа на оцената на нивната работа, ги разгледуваше годишните извештаи на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на Вишите јавни обвинителства и на Основните јавни обвинителства, а членовите на Советот имаа увид и во месечните извештаи на јавните обвинители.

Советот во 2025 година објави повеќе огласи за избор на јавни обвинители, при што изврши избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во РСМ од редот на пријавените кандидати од VIII-мата генерација со завршена Академија за судии и јавни обвинители, во Основното јавно обвинителство за

гонење на организиран криминал и корупција и Вишото јавно обвинителство Скопје. Покрај тоа, Советот на крајот на извештајната година донесе одлука за определување на вршител на должност Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје и одлука за вршител на функција Јавен обвинител на Република Северна Македонија.

Советот донесе одлуки и за престанок на функцијата јавен обвинител најчесто поради исполнување на услови за старосна пензија, а во еден случај беше констатиран престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. Советот одлучуваше и во жалбена постапка против одлука за оддалечување од вршењето на функцијата јавен обвинител за време додека трае дисциплинската постапка поведена против истиот, како и против решенијата на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на двајцата јавни обвинители во вршење на јавнообвинителска функција.

Согласно надлежноста, Советот на јавните обвинители и во 2025 година постапуваше по претставки и предлози поднесени од страна на граѓаните. Статистичките податоци покажуваат дека бројот на претставките и поплаките на граѓаните во оваа извештајна година бележи благо зголемување и тоа за 5 претставки споредбено со претходната година, а странките најчесто се жалеа околу ажурноста на јавнообвинителските постапки, стручноста во постапувањето, законитоста и квалитетот на јавнообвинителските одлуки.

Како и претходната година, Советот активно соработуваше со други институции, невладини организации, како и со медиумите и новинарите во врска со активности поврзани со вршењето на негова функција.

Во текот на 2025 година Советот преку свои претставници зеде активно учество во работните групи за изработка на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство и на Законот за Советот на јавните обвинители, кои предлози се поминати и пред Венецијанската комисија и во моментот се чека на нивно усвојување од страна на законодавниот дом.

# I. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 1. Поставеност во системот и состав

Советот на јавните обвинители е основан согласно Уставот и Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ. Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во вршењето на нивната функција. Целта на неговото формирање е обезбедување на нивна самостојност, професионалност и стручност во вршењето на функцијата на кривичното гонење, како една од трите основни функции во казнената постапка (гонење, одбрана, судење). При тоа, обврска на Советот е да работи на зголемување и одржување на довербата на јавноста во неговото работење, а воопшто и во самиот јавнообвинителскиот систем.

Со Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за јавното обвинителство е определена поставеноста на Советот на јавните обвинители во нашиот правен систем, како и на јавнообвинителска функција во Република Северна Македонија.

Советот на јавните обвинители согласно законот е составен од 11-единаесет членови, од кои: по функција член на Советот е Јавниот обвинител на РСМ, еден член на Советот избираат јавните обвинители во Јавното обвинителство на РСМ од своите редови, по еден член на Советот избираат јавните обвинители од подрачјата на Вишите јавни обвинителства Битола, Гостивар, Скопје и Штип од своите редови, еден член на Советот припадник на заедница која не е мнозинство во РСМ го избираат сите јавни обвинители во Република Северна Македонија од своите редови и четворица членови на Советот ги избира Собранието на РСМ од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставниот суд, меѓународни судии и други истакнати правници, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Советот на јавните обвинители го претставува и со него раководи Претседател на Советот, кој се избира од членовите на Советот од редот на избраните јавни обвинители со мнозинство гласови од вкупниот број на членови со тајно гласање, чиј мандат трае две години, без право на повторен избор. Претседателот има свој заменик кој се избира на негов предлог на истата седница на која се избира Претседател, а кој го заменува во негово отсуство.

На избраните членови на Советот од редот на јавните обвинители, додека им трае мандатот во Советот, им мирува функцијата јавен обвинител.

Членовите на Советот имаат права и одговорности. За својата работа одговараат пред Советот, а членовите на Советот избрани од Собранието на Република Северна Македонија и пред Собранието.

## 2. Надлежност

Надлежноста и начинот на работа на Советот на јавните обвинители е регулирана во Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, како и Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители, во кои детално е опишана надлежноста и начинот на кој Советот постапува и работи, сè со цел да ја обезбеди и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција на територијата на Република Северна Македонија. Заради подобро остварување на оваа задача, а во смисла на член 2 став 1 од Законот за Советот на јавните обвинители, се донесе и Правилник за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, со кој поблиску се уреди начинот на постапување во случаите на внатрешно или надворешно нарушување на самостојноста на јавните обвинители.

Во член 10 од Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители, а во врска со член 9 од Законот за Советот на јавните обвинители, е предвидена надлежноста на Советот и тоа:

- Дава мислење на Владата на Република Северна Македонија по предлогот за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија;
- Ги избира и разрешува јавните обвинители;
- Утврдува престанок на функцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители;
- Одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител;
- Ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената на нивната работа согласно со Законот за јавното обвинителство, преку своите членови кои вршат посети на Јавните обвинителства;
- Одлучува по приговор на јавен обвинител поднесен против одлуката за оценката на работата на јавниот обвинител;
- Одлучува во жалбена постапка по одлуката за привремено оддалечување од функцијата јавен обвинител;
- Постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители;
- Одлучува по поднесено барање за дисциплинска одговорност на член на Советот;
- Донесува одлука за член на Советот да може да врши непосреден увид во работењето на јавните обвинители;
- Донесува Етички кодекс за јавните обвинители по предлог на Здружението на јавните обвинители;

- Донесува Правилник за начинот на спроведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвинител, по предлог на Јавниот обвинител на РСМ;
- Донесува Правилници за определување на висината на примањата – додатоци на плата и надоместоци во Советот на јавните обвинители;
- Го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства со одлука;
- До крајот на февруари во тековната година, со одлука го утврдува бројот на слободните јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители;
- Ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства;
- Донесува решение за мирување на функцијата јавен обвинител;
- Издава и одзема службени легитимации на јавните обвинители;
- Води персонален лист за јавните обвинители;
- Поднесува извештај за својата работа;
- Дава мислења по закони од областа на делокругот на работата на Советот;
- Дава мислења по програмите на Академијата за судии и јавни обвинители;
- Објавува оглас и спроведува постапка за избор на јавен обвинител за времено упатување во друго јавно обвинителство;
- Одлучува по жалба на решение за времено упатување донесено од Јавниот обвинител на РСМ за времено упатување на јавен обвинител во друго јавно обвинителство;
- Подготвува документи за стратешко планирање и буџетско барање;
- Изготвува општи информации за јавноста за работата на Советот;
- Овозможува постојан развој на веб страницата и
- Врши други работи утврдени со закон.

Во надлежност на Советот на јавните обвинители е да ги избира и разрешува јавните обвинители на сите нивоа, освен Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, кој го именува Собранието, на предлог на Владата на Република Северна Македонија, а по претходно дадено позитивно мислење од страна на Советот на јавните обвинители, како и јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој се избира по спроведено гласање од страна на сите јавни обвинители во Република Северна Македонија. Притоа, Советот го именува за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кандидатот кој освоил најмногу гласови од листата на пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите согласно со Законот за јавното обвинителство.

Советот го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства со одлука, ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оценката на нивната работа, преку редовното и вонредно оценување, како и врз основа на поднесените годишни и месечни извештаи од страна на јавните обвинители. При тоа, се води сметка и на поднесените претставки против јавните обвинители и нивната основаност.

Заради обезбедување на потребниот број на јавни обвинители во јавните обвинителства, согласно Одлуката за определување на бројот на јавните

обвинители во јавните обвинителства, Советот до крајот на месец февруари во тековната година со одлука го утврдува бројот на слободните јавно обвинителски места за наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители.

Советот на јавните обвинители одлучува во втор степен во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители. Имено, Советот одлучува по предлогот на Дисциплинската комисија за изрекување на дисциплинска мерка - разрешување на јавен обвинител и по жалба против решението со предлог за разрешување, како и по жалба на одлуката на Дисциплинската комисија за изречена дисциплинска мерка за сторена дисциплинска повреда, согласно законските одредби и Правилникот за начинот на спроведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда.

Исто така, Советот одлучува по жалби против решенијата донесени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, со кои јавен обвинител привремено се оддалечува од вршењето на јавно обвинителската функција, како и решенијата со кои јавен обвинител е времено упатен во друго јавно обвинителство.

Советот на јавните обвинители со решение утврдува престанок на функцијата јавен обвинител кога е исполнета некоја од основите определени во Законот за јавното обвинителство. При тоа, во оваа извештајна година како најчеста причина за утврдување на престанок на функцијата јавен обвинител, беше основот - исполнувањето на условите за старосна пензија, а во еден случај по сопствено барање.

Со цел заштита на правата на граѓаните и на сите субјекти кои на било кој начин се заинтересирани за одредено јавнообвинителско постапување, во надлежноста на Советот на јавните обвинители, согласно Законот за Советот на јавните обвинители и Деловникот за неговата работа, спаѓа и постапувањето по претставки и поплаки на граѓаните и правни лица за работата на јавните обвинители, при што се приоѓа со особено внимание од страна на сите членови на Советот.

Советот на јавните обвинители ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства, ги издава и одзема службените легитимации на јавните обвинители, води персонални листи за јавните обвинители, дава мислења и учествува во комисиите за законите од областа на делокругот на работата на Советот и јавното обвинителство. Советот донесува и Деловник за работата, дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и презема други активности во рамките на своите надлежности.

# II. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ И СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 1. Седници на Советот

Советот на јавните обвинители како тело кое колективно одлучува за прашања кои се од негова надлежност, работи и одлучува на седници кои согласно законот се јавни, а само во исклучителни ситуации јавноста може да биде исклучена заради заштита на угледот и интегритетот на јавните обвинители. Седниците ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот, со исклучок седница може да се свика и по предлог на најмалку 4 члена на Советот. Седница може да се одржи ако е присутно мнозинството од вкупен број на членови. Од аспект на навремено објавување на соопштенијата за одржување на седниците, мора да се напомене дека Советот го почитува предвидениот рок и согласно Деловникот за работата навремено ги објавува соопштенијата во пропишаниот рок од најмалку 3 дена пред одржување на седницата, на својата веб страница.

Во текот на извештајниот период Советот одржа 22-дваесет и две седници. На седниците се одлучуваше за годишен распоред на работата на членовите на Советот, за изготвување на Годишен извештај за работата на Советот за претходната година, за утврдување на број на слободни јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства во државата во наредните 2 години, за објавување на огласи за избор на јавен обвинител на/во јавните обвинителства, за престанок на функцијата на јавен обвинител, за продолжување на работниот однос и вршењето на функцијата јавен обвинител за уште една година согласно измените на Законот за работни односи во однос на јавните обвинители кои доставија изјави или барања за продолжување. Понатаму се одлучуваше во втор степен во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на јавни обвинители за сторена дисциплинска повреда, како и по жалба во постапка за оддалечување од функцијата јавен обвинител, се одлучуваше по молби и барања на јавните обвинители во врска со работата, беа разгледувани годишните извештаи и распореди за работа на јавните обвинителства. Исто така, се разгледуваа актуелни настани и проблеми со кои се соочуваа јавните обвинителства во работата, како што е недостиг на јавно обвинителски и стручен кадар во одделни јавни обвинителства, се разгледуваа состојбите во Вишото јавно обвинителство Скопје поради настанатата ситуација на суспензија на Вишиот јавен обвинител, се разгледуваше и се даде мислење по предлогот на Владата на РСМ за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, се донесе одлука за избор на нов Претседател на Советот на јавните обвинители, се усвоија Стратегијата за комуникација и транспарентност на Советот 2025-2028 година и Правилникот за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, се донесе одлука за формирање на Комисија за постапување по дисциплински предмети.

Во извештајната година на седница на Советот се разгледуваа и предлог проекциите за Буџетот на Советот на јавните обвинители за 2026 година, беше разгледан и усвоен стратешкиот план на Советот на јавните обвинители за период 2025-2028 година, како и останати други прашања во надлежност на Советот.

## 2. Разгледување на извештаите

Советот на јавните обвинители, како во претходните години и оваа извештајна година на посебни седници ги разгледуваше извештаите на јавните обвинителства на Република Северна Македонија, додека членовите на Советот-координатори за подрачјата на вишите обвинителства, во континуитет продолжија да ги добиваат и разгледуваат месечните извештаи на јавните обвинителства.

Советот на јавните обвинители на посебни седници ги разгледуваше годишните извештаи за работата на: Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Вишото јавно обвинителство Скопје и извештаите на Основните јавни обвинителства од ова подрачје, Вишото јавно обвинителство Гостивар и извештаите на Основните јавни обвинителства од истото подрачје, Вишото јавно обвинителство Битола и извештаите на Основните јавни обвинителства од ова подрачје и Вишото јавно обвинителство Штип со извештаите на Основните јавни обвинителства од ова подрачје.

При разгледување на извештаите констатираше дека обвинителствата и покрај тешкотиите со кои се соочуваат, како од аспект на недостаток на кадровски и просторни капацитети, така и од материјален аспект, постигнале добри резултати во работењето. Имено, во делот на просторните услови со недостаток се соочуваат особено Основното јавно обвинителство Тетово, ОЈО Кичево, ОЈО Гостивар и ОЈО Кочани, додека пак ОЈО Ресен и ОЈО Крива Паланка се без ниту еден јавен обвинител. Во однос на јавно обвинителската служба е забележан тренд на намалување на бројот на вработени, така што се пополнети само една третина од предвидените места согласно систематизацијата.

Советот укажа на потреба од почести вонредни надзори од повисоките јавни обвинителства, како и на потребата од унифицирање на методологијата за подготвување на месечните и годишните извештаи, се со цел да се добие поквалитетно отсликување на реалните состојби.

Извештаите на сите јавни обвинителства за извештајната година беа позитивно оценети од страна на Советот, притоа е посочено дека има потреба од подобрување на состојбите во одредени сегменти, односно и покрај тоа што се констатира подобрување на ефикасноста во постапувањето на јавните обвинителства, има потреба од понатамошно подобрување на состојбите. Во целина, јавното обвинителство и покрај намалениот број на јавни обвинители,

- Двајца (2) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- Четворица (4) Основни јавни обвинители и тоа: на ОЈО Прилеп, ОЈО Гевгелија, ОЈО Кичево и ОЈО Струга,
- Дваесет и девет (29) јавни обвинители во основните јавни обвинителства во РСМ од редот на кандидатите со завршена Академија за судии и јавни обвинители од VIII-ма генерација и
- Еден (1) јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Берово, кој претходно ја вршеше јавнообвинителската функција во ОЈО Делчево.

По однос на половата структура, од вкупно избраните 38 јавни обвинители, жени се 20 јавни обвинители и мажи се 18 јавни обвинители. Додека пак во однос на националната припадност на избраните јавни обвинители, 30 се Македонци, 6 се Албанци, 1 е Турчин и 1 е Србин.

*Табела бр.1*

| **Табела на избрани јавни обвинители во 2025 година** | | | |
|---|---|---|---|
| Вишо јавно обвинителство | Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција | Основни јавни обвинителства во РСМ | Основни јавни обвинители на Основни јавни обвинителства |
| 2 | 2 | 30 | 4 |

*Табела бр.2*

| **Табела на избрани 29 јавни обвинители во основните јавни обвинителства во РСМ во 2025 година (од редот на VIII-мата генерација на Академијата за судии и јавни обвинители)** | | | |
|---|---|---|---|
| Основно јавно обвинителство Битола | Основно јавно обвинителство Гевгелија | Основно јавно обвинителство Делчево | Основно јавно обвинителство Куманово |
| 1 | 1 | 1 | 2 |
| Основно јавно обвинителство Охрид | Основно јавно обвинителство Прилеп | Основно јавно обвинителство Скопје | Основно јавно обвинителство Струмица |
| 1 | 2 | 15 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Основно јавно обвинителство Тетово | Основно јавно обвинителство Штип | / | / |
| 3 | 2 | | |

Во овој контекст треба да се спомене и определувањето на вршител на должност Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, кој следуваше после престанокот на функцијата на дотогашниот Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје а по негово барање, како и определувањето на вршител на функција Јавен обвинител на Република Северна Македонија, после оставката на дотогашниот Јавен обвинител на РСМ. И двете одлуки Советот ги донесе на крајот на извештајната година, поточно во месец декември 2025 година.

## 3. Разрешување и престанок на функцијата јавен обвинител

Во текот на 2025 година Советот на јавните обвинители констатираше престанок на функцијата јавен обвинител на 4-четири јавни обвинители и тоа: на тројца јавни обвинители поради исполнување на условите за старосна пензија и на еден јавен обвинител по сопствено барање.

Имено, Советот на јавни обвинители по барање на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје за престанок на функција јавен обвинител, донесе одлука со која што го прифати барањето и констатираше престанок на функцијата.

На тројца јавни обвинители им престана функцијата поради исполнување на услови за старосна пензија, и тоа на: еден јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Скопје, еден јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Кичево и еден јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица.

Од друга страна, како резултат на измените на Законот за работни односи, во 2025 година Советот на јавните обвинители постапувајќи по поднесени барања за продолжување на работниот однос и вршење на јавнообвинителската функција за една година, донесе решенија за продолжување на функцијата јавен обвинител за уште 1-една година согласно чл.104-а од Законот за работните односи, во однос на 5-пет јавни обвинители кои поднесоа барање за продолжување на работниот однос во законскиот рок.

## 4. Дисциплински постапки пред Советот на јавните обвинители

Во оваа прилика би требало да се напомене дека во извештајната година на 09.08.2025 година беа распишани и се одржаа локални избори во Република Северна Македонија, па согласно член 8-а од Изборниот Законик во периодот од денот на распишувањето на изборите па се до денот на завршувањето на изборите, Советот на јавните обвинители не можеше да постапува и да одлучува за избор на јавни обвинители, како и во дисциплински постапки.

Во текот на 2025 година по повод поведена дисциплинска постапка против двајца јавни обвинители во претходната година, Советот на јавните обвинители постапувајќи по службена должност, а по изјавени жалби од страна на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје против решенијата на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на двајцата јавни обвинители во вршење на јавнообвинителска функција, со кои е одлучено да не се поведе постапка за утврдување на нивна дисциплинска одговорност, поради ненавремено поднесување на предлогот за поведување на дисциплинска постапка од страна на овластениот предлагач, донесе решенија со кои ги укина решенијата на Комисијата и предметите за двајцата јавни обвинители ги врати на повторно постапување заради правилна примена на одредбите на Законот за јавното обвинителство.

Исто така, во извештајната година Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција донесе решение во две одделни постапки со кое утврди дека двајца јавни обвинители од Вишото јавно обвинителство Скопје се одговорни за сторена тешка дисциплинска повреда, така што за еден јавен обвинител поднесе предлог до Советот на јавните обвинители да му биде изречена дисциплинска мерка - разрешување од функцијата, а на другиот јавен обвинител му изрече дисциплинска мерка - намалување на месечната плата во висина од 30% (триесет проценти) од исплатената нето плата во траење од 6 (шест) месеци. Против ваквото решение жалби се изјавени од страна на Јавниот обвинител на РСМ поради одлуката за дисциплинската мерка во однос на едниот јавен обвинител, како и од страна на двајцата јавни обвинители, од кои еден од нив во текот на постапката по жалба пред Советот поднесе барање за престанок на функцијата. Како резултат на тоа, на наредната седница Советот го констатираше престанокот на функцијата на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, по сопствено барање. Постапката по жалба пред Советот во однос на другиот јавен обвинител кому му беше изречена дисциплинска мерка - намалување на месечната плата во висина од 30% од исплатената нето плата во траење од 6 месеци, не беше завршена до крајот на 2025 година.

# IV. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

## 1. Општи податоци

При изборот на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства, Советот беше лимитиран со бројот на кандидати, бидејќи согласно Законот за јавното обвинителство, за избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство кандидатот мора да има завршено Академија за судии и јавни обвинители.

Притоа, оваа извештајна година како резултат на обучените кадри од Академијата за судии и јавни обвинители, односно кандидатите од VIII-мата генерација кои ја завршија обуката во Академијата и на 05.02.2025 година се стекнаа со уверенија на кандидати за судии и јавни обвинители, Советот имаше можност да пополни дел од слободните јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства во РСМ. Иако согласно проекцијата на Советот на јавни обвинители и на Судскиот совет која беше почитувана од Академијата за судии и јавни обвинители при објавувањето на огласот за прием на слушателите од VIII-мата генерација, 47 кандидати од оваа генерација се планираа да бидат избрани за јавни обвинители, а 50 за судии, Судскиот совет на РСМ спротивно на донесените одлуки на Советите и на Управниот одбор на Академијата објави слободни судиски места за многу повеќе од нивната проекција. На тој начин изврши избор на 68 судии од кандидатите од оваа генерација во основните судови во државата, а Советот на јавните обвинители изврши избор на само 29 јавни обвинители од потребни 47, што во блиска перспектива ќе влијае на нормално функционирањето на Јавното обвинителство во целина, дотолку се земе во предвид и фактот дека во моментот нема обука на нови кандидати во Академијата за судии и јавни обвинители.

Советот во континуитет продолжува со констатацијата дека во последните години постои несразмерност на обновување на потребниот јавнообвинителски кадар со потребите на јавнообвинителската организација. Тоа се истакнува како најголем проблем за работата на јавните обвинителства, што доведува до неажурно постапување на јавните обвинители, кое пак од своја страна создава простор за реагирање на странките, посебно оштетените, со поднесување на поголем број на претставки.

Согласно Одлуката за определување на бројот на јавните обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства донесена на седница на Советот, бројот на јавните обвинители во Република Северна Македонија треба да изнесува 261.

Во извештајниот период со статус на 31.12.2025 година, функцијата јавен обвинител на јавно обвинителство и јавен обвинител во јавно обвинителство, ја извршувале вкупно 194 јавен обвинител или 67 јавни обвинители помалку од предвидените со одлуката за определување на бројот на јавните обвинители на/во

јавните обвинителства. Мора да се напомене дека тука не се вбројуваат 18-те систематизирани места во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од причина што со нивното вклучување не се добива реална слика за ситуацијата со пополнетост на јавнообвинителските места.

Во текот на извештајниот период утврден е престанок на функцијата на петмина јавни обвинители, од кои на тројца јавни обвинители поради исполнување на услови за старосна пензија, на еден по сопствено барање и на еден со поднесување на оставка од функцијата Јавен обвинител на РСМ. Меѓу 3-те јавни обвинители на кои им престана функцијата поради исполнување услови за старосна пензија, еден јавен обвинител е од Основно јавно обвинителство Скопје, еден јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Кичево и еден јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица. По сопствено барање му престана функцијата на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, а на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија му престана функцијата со поднесување на оставка од функцијата.

## 2. Систематизирани и пополнети јавно обвинителски места, полова и етничка припадност по обвинителства

Со оглед дека состојбата на избрани јавни обвинители во сите јавни обвинителства на територијата на Република Северна Македонија и нивната пополнетост се менуваше низ годината (извештајна), во оваа прилика ќе се даде осврт каква била кадровската состојба со јавни обвинители во основните јавни обвинителства во РСМ, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, вишите јавни обвинителства и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со статус на ден 31.12.2025 година.

Имено, во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија по систематизација се предвидени 15 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 10 јавни обвинители, од кои 7 мажи и 3 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: Македонци 4, Албанци 4 Турчин 1 и Влав 1. Од избраните јавни обвинители, на еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во Вишото јавно обвинителство Скопје по систематизација се предвидени 17 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 12 јавни обвинители, од кои: 7 мажи и 5 жени по однос на пол, а по национална припадност: 9 Македонци и 3 Албанци.

Во Вишото јавно обвинителство Битола по систематизација се предвидени 8 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 3 јавни

обвинители, од кои 2 мажи и 1 жена по однос на пол, а по однос на националната припадност сите се Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за директор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во Вишото јавно обвинителство Гостивар по систематизација се предвидени 8 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 7 јавни обвинители, од кои 5 мажи и 2 жени по однос на пол, а по национална припадност: 1 Македонец и 6 Албанци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Вишото јавно обвинителство Штип по систематизација се предвидени 6 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 5 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 3 жени по однос на пол, а по однос на националната припадност сите се Македонци.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција по систематизација се предвидени 18 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 13 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 11 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: 9 Македонци и 4 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Битола по систематизација се предвидени 11 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 6 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 4 жени по однос на пол, а по национална припадност: 5 Македонци и 1 Влав.

Во Основно јавно обвинителство Берово по систематизација се предвидени 3 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршува еден јавен обвинител, жена, Македонка.

Во Основно јавно обвинителство Гевгелија по систематизација се предвидени 5 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа 2 јавни обвинители, 2 жени, Македонки.

Во Основно јавно обвинителство Гостивар по систематизација се предвидени 11 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 9 јавни обвинители, од кои 4 мажи и 5 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: 4 Македонци и 5 Албанци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за член во Советот на јавните обвинители.

Во Основно јавно обвинителство Дебар по систематизација се предвидени 2 јавнообвинителски места и функцијата јавен обвинител ја извршуваа 2 јавни обвинители, од кои 1 маж и 1 жена по однос на пол, а по однос на националната припадност двајцата се Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Делчево по систематизација се предвидени 2 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршува еден јавен обвинител, маж, Влав.

Во Основно јавно обвинителство Кавадарци по систематизација се предвидени 6 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 5 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 3 жени по однос на пол, а по национална припадност: 4 Македонци и 1 Влав.

Во Основно јавно обвинителство Кичево по систематизација се предвидени 7 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 3 јавни обвинители, од кои 1 маж и 2 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: 1 Македонци, 1 Албанец и 1 Турчин.

Во Основно јавно обвинителство Крива Паланка по систематизација се предвидени 3 јавнообвинителски места, но во тоа јавно обвинителство не беше избран јавен обвинител. Таму функцијата ја извршуваа јавните обвинители од Основно јавно обвинителство Куманово.

Во Основно јавно обвинителство Кочани по систематизација се предвидени 6 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 3 јавни обвинители, сите мажи, Македонци.

Во Основно јавно обвинителство Куманово по систематизација се предвидени 14 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 12 јавни обвинители, од кои 7 мажи и 5 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: 7 Македонци и 5 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Охрид по систематизација се предвидени 9 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 7 јавни обвинители, од кои 4 мажи и 3 жени по однос на пол, а по однос на националната припадност 6 Македонци, а 1 Албанец. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Основно јавно обвинителство Прилеп по систематизација се предвидени 9 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 5 јавни обвинители, од кои 2 маж и 3 жени по однос на пол, а по однос на националната припадност сите се Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор на член во Советот на јавните обвинители.

Во Основно јавно обвинителство Радовиш по систематизација се предвидени 3 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваше еден јавен обвинител, жена, Македонка.

Во Основно јавно обвинителство Ресен по систематизација се предвидени 2 јавнообвинителски места, но во ова јавно обвинителство нема избрано јавен обвинител.

Во Основно јавно обвинителство Свети Николе по систематизација се предвидени 2 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваше еден јавен обвинител, маж, Македонец.

Во Основно јавно обвинителство Скопје по систематизација се предвидени 67 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 65 јавни обвинители, од кои 23 мажи и 42 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: 47 Македонци, 7 Албанци, 2 Срби, 4 Турци, 1 Влав, 1 Црногорец и 3 Бошњаци. На 11 јавни обвинители им мирува функцијата, од кои на 9 поради избор во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и на 2 поради избор за членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во Основно јавно обвинителство Струга по систематизација се предвидени 6 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 4 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 2 жени по однос на пол, а по национална припадност 1 Македонец и 3 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Струмица по систематизација се предвидени 10 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 7 јавни обвинители, од кои 3 мажи и 4 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност сите се Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Основно јавно обвинителство Велес по систематизација се предвидени 9 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 7 јавни обвинители, сите се жени, Македонки.

Во Основно јавно обвинителство Тетово по систематизација се предвидени 12 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 9 јавни обвинители, од кои 7 мажи и 2 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност: 2 Македонци и 7 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Штип по систематизација се предвидени 8 јавнообвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа вкупно 7 јавни обвинители, од кои 1 маж и 6 жени по однос на пол, а по однос на национална припадност сите се Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за член на Советот на јавните обвинители, а на еден јавен обвинител

поради вршење на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 20 јавни обвинители во Република Северна Македонија им мируваше мандатот поради вршење на функцијата јавен обвинител во друго јавно обвинителство, вршење на функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, вршење на функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ и поради избор за директор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во 2025 година во Основните јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, функцијата јавен обвинител ја извршуваа 157 јавни обвинители. Тоа значи дека од вкупно предвидените 207 јавни обвинители, не вклучувајќи ги предвидените места за ОЈО ГОКК, со оглед дека таму јавните обвинители се избираа од другите јавни обвинителства каде им мирува функцијата, има 50 јавни обвинители помалку од потребниот број што претставува 24% од предвидените јавнообвинителски места.

Во Вишите јавни обвинителства од предвидените 39 јавни обвинители, функцијата ја извршуваа 27 јавни обвинители, односно 12 јавни обвинители помалку, што претставува 30% од вкупно потребниот број јавни обвинители.

Од сите основни јавни обвинителства во РСМ, немаше ниту еден јавен обвинител кој ја врши функцијата јавен обвинител и тоа во: Основното јавно обвинителство Крива Паланка и Основното јавно обвинителство Ресен.

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СОСТОЈБАТА СО ИЗБРАНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ СО СТАТУС НА ДЕН 31.12.2025 година

| | ЈО | Систематизација | Моментален број на ЈО | Слободни места | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Власи | Црногорци | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈОРМ | 1+14 | 10 (еден во мирување-СЈОРСМ) | 5 | 7 | 3 | 4 | 4 | | 1 | 1 | | |
| 2 | ВЈО СКОПЈЕ | 1+16 | 12 | 5 | 7 | 5 | 9 | 3 | | | | | |
| 3 | ОЈО СКОПЈЕ | 1+66 | 65 (единаесет во мирување, од кои 9 во ОЈО ГОКК и 2 во СЈОРСМ) | 2 | 23 | 42 | 47 | 7 | 2 | 4 | 1 | 1 | 3 |
| 4 | ОЈО КУМАНОВО | 1+13 | 12 | 2 | 7 | 5 | 7 | 5 | | | | | |
| 5 | ОЈО ВЕЛЕС | 1+8 | 7 | 2 | / | 7 | 7 | | | | | | |
| 6 | ОЈО КАВАДАРЦИ | 1+5 | 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | | | | 1 | | |
| 7 | ОЈО ГЕВГЕЛИЈА | 1+4 | 2 | 3 | / | 2 | 2 | | | | | | |
| 8 | ОЈО КРИВА ПАЛАНКА | 1+2 | / | 3 | | | | | | | | | |
| 9 | **ОЈО ГОКК** | **1+17** | **13** | **5** | **2** | **11** | **9** | **4** | | | | | |
| 10 | ВЈО ГОСТИВАР | 1+7 | 7 (еден во мирување – ОЈО ГОКК) | 1 | 5 | 2 | 1 | 6 | | | | | |
| 11 | ОЈО ГОСТИВАР | 1+10 | 9 (еден во мирување-СЈОРСМ) | 2 | 4 | 5 | 4 | 5 | | | | | |
| 12 | ОЈО ТЕТОВО | 1+11 | 9 | 3 | 7 | 2 | 2 | 7 | | | | | |
| 13 | ОЈО ДЕБАР | 1+1 | 2 | / | 1 | 1 | / | 2 | | | | | |
| 14 | ОЈО КИЧЕВО | 1+6 | 3 | 4 | 1 | 2 | 1 | 1 | | 1 | | | |
| 15 | ВЈО БИТОЛА | 1+7 | 3 | 5 | 2 | 1 | 3 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (еден во мирување – Академија на судии и јавни обвинители) | | | | | | | | | | |
| 16 | ОЈО БИТОЛА | 1+10 | 6 | 5 | 2 | 4 | 5 | | | | 1 | | |
| 17 | ОЈО ПРИЛЕП | 1+8 | 5 (еден во мирување – СЈОРМ) | 4 | 2 | 3 | 5 | | | | | | |
| 18 | ОЈО ОХРИД | 1+8 | 7 (еден во мирување- ОЈО ГОКК) | 2 | 4 | 3 | 6 | 1 | | | | | |
| 19 | ОЈО СТРУГА | 1+5 | 4 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | | | | | |
| 20 | ОЈО РЕСЕН | 1+1 | / | 2 | / | | / | | | | | | |
| 21 | ВЈО ШТИП | 1+5 | 5 | 1 | 2 | 3 | 5 | | | | | | |
| 22 | ОЈО ШТИП | 1+7 | 7 (два во мирување, од кои 1 во ОЈО ГОКК и 1 во СЈОРСМ) | 1 | 1 | 6 | 7 | | | | | | |
| 23 | ОЈО СТРУМИЦА | 1+9 | 7 (еден во мирување- ОЈО ГОКК) | 3 | 3 | 4 | 7 | | | | | | |
| 24 | ОЈО БЕРОВО | 1+2 | 1 | 2 | / | 1 | 1 | | | | | | |
| 25 | ОЈО ДЕЛЧЕВО | 1+1 | 1 | 1 | 1 | / | / | | | | 1 | | |
| 26 | ОЈО РАДОВИШ | 1+2 | 1 | 2 | / | 1 | 1 | | | | | | |
| 27 | ОЈО КОЧАНИ | 1+5 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | | | | | | |
| 28 | ОЈО СВЕТИ НИКОЛЕ | 1+1 | 1 | 1 | 1 | / | 1 | | | | | | |
| 29 | **ВКУПНО** | **261** | **194** | **67** | **87** | **107** | **133** | **44** | **2** | **6** | **5** | **1** | **3** |

Вкупно се избрани 194 јавни обвинители кои во наведениот табеларен приказ се прикажани по јавни обвинителства, со тоа што јавните обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција повторно се прикажани заедно со другите, иако се работи за истите јавни обвинители прикажани и во матичните обвинителства каде им мирува функцијата. Со други зборови, тие се вброени помеѓу јавните обвинители од јавните обвинителства каде им мирува функцијата, но сепак во табелата се прикажани податоците во однос на ОЈО ГОКК во посебна графа, а со цел да се има подобар приказ и на моментален број на јавните обвинители во ОЈО ГОКК и на карактеристиките во однос на нивната полова и национална припадност.

| Вкупно | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Власи | Црногорци | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 87 | 107 | 133 | 44 | 2 | 6 | 5 | 1 | 3 |
| 194 | 45 % | 55 % | 68,5 % | 22,6 % | 1 % | 3 % | 2,5 % | 0,5 % | 1,5 % |

# V. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ

## 1. Општ дел

Во оваа извештајна година, како и во претходните години, активностите на Советот на јавните обвинители беа насочени кон остварувањето на функцијата што произлегува од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, во која што спаѓа, меѓу другото и постапувањето по претставките поднесени од физички и правни лица, а кои се однесуваат на работењето на јавните обвинители во Република Северна Македонија.

Надлежностите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија се дефинирани во одредбата од член 9 од Законот за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и член 10 од Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители, каде што помеѓу другите таксативно наведени надлежности е предвидено дека Советот постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на јавните обвинители.

Од друга страна, согласно одредбите од Законот за јавното обвинителство, надзорот над законито и навремено извршување на јавно обвинителската функција на пониските јавни обвинителства го врши повисокото јавно обвинителство, а над Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција го врши Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Надзорот над управното работење над јавните обвинителства го врши Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Исто така, во Законот за јавното обвинителство е предвидено дека постапката за утврдување на одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда се спроведува по образложен предлог на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија за сите јавни обвинителства или по образложен предлог на Вишиот јавен обвинител за јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство или во Основните јавни обвинителства.

Согласно ваквите законски одредби, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија нема надлежност да врши директен надзор над законското и навремено извршување на функцијата на јавните обвинители, ниту пак да иницира поведување на дисциплинска постапка, туку истиот одлучува по жалбите против одлуките донесени од страна на комисијата за водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители, што значи дека постапува како второстепен орган.

постигнало успешни резултати, но се уште останува како проблем недоволното финансирање на обвинителството, како и непополнувањето на јавнообвинителски кадар и недостиг на јавнообвинителска служба.

## III. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

### 1. Објавени огласи за избор на јавни обвинители

Советот на јавните обвинители во текот на 2025 година донесе 4-четири одлуки за објавување на огласи за избор на јавни обвинители и тоа: во основните јавни обвинителства во РСМ од редот на кандидатите од 8-ма генерација со завршена обука на Академија за судии и јавни обвинители, во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и огласи за избор на Основен јавен обвинител на четири основни јавни обвинителства во РСМ.

Како резултат завршената обука на кандидатите од VIII-мата генерација на Академијата за судии и јавни обвинители, во февруари 2025 година Советот на јавните обвинители објави оглас за избор на јавни обвинители и тоа за вкупно 47-четириесет и седум слободни јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства во РСМ и тоа во: ОЈО Битола, ОЈО Велес, ОЈО Гевгелија, ОЈО Гостивар, ОЈО Делчево, ОЈО Кочани, ОЈО Кичево, ОЈО, Куманово, ОЈО Крива Паланка, ОЈО Охрид, ОЈО Прилеп, ОЈО Радовиш, ОЈО Ресен, ОЈО Скопје, ОЈО Струга, ОЈО Струмица, ОЈО Тетово и ОЈО Штип. Подоцна откако не се пополнија сите објавени места, Советот во месец март 2025 година објави оглас за уште 19-деветнаесет слободни јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства и тоа во: ОЈО Битола, ОЈО Велес, ОЈО Гостивар, ОЈО Кочани, ОЈО Кичево, ОЈО Куманово, ОЈО Крива Паланка, ОЈО Охрид, ОЈО Прилеп, ОЈО Радовиш, ОЈО Ресен, ОЈО Скопје, ОЈО Струга, ОЈО Струмица, ОЈО Тетово и ОЈО Штип.

Исто така, во оваа извештајна година се објави оглас за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Струга, Основен јавен обвинител на ОЈО Кичево, Основен јавен обвинител на ОЈО Скопје и Основен јавен обвинител на ОЈО Тетово.

### 2. Избор на јавни обвинители

Советот во текот на 2025 година постапувајќи по објавените огласи за избор на јавни обвинители и спроведените интервјуа, од пријавените кандидати кои ги исполнуваа условите согласно законот, изврши избор на триесет и осум (38) јавни обвинители и тоа:

- Двајца (2) јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје,

Имајќи го во предвид наведеното, јасно произлегува дека Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија нема овластување да врши директен и непосреден надзор во постапувањето на јавните обвинители во јавните обвинителства, туку тоа е во исклучива надлежност на повисоките јавни обвинителства.

Оценувањето на квалитетот и законитоста во работењето на јавните обвинители го врши Јавниот обвинител на соодветното јавно обвинителство, а Советот одлучува по вложениот приговор на добиената оцена, што значи дека Советот, исто како и во дисциплинските постапки, и во овој случај постапува како второстепен орган по вложените жалби. Така, Советот нема законски надлежности да врши оценување на квалитетот на работењето на јавните обвинители и да поведува дисциплински постапки, туку има законска надлежност во тие постапки исклучиво да постапува како второстепен орган, односно да одлучува по приговорите и вложените жалби.

Со оглед на тоа, при постапувањето по претставките во рамките на своите законски надлежности, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија се обраќа до повисоките јавни обвинителства со барање да се изврши надзор во работењето на јавниот обвинител кој постапувал по конкретен предмет, а по извршениот надзор и констатираната состојба, да му биде доставен извештај со мислење во врска со постапувањето на јавниот обвинител по конкретниот предмет.

На ваков начин, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ги запознава повисоките јавни обвинителства за искажаните незадоволства на странките и граѓаните од работењето на одредени јавни обвинители во пониските јавни обвинителства, кое нешто треба да има влијание при оценувањето на ажурноста, ефикасноста и квалитетот на работењето на јавните обвинители и евентуално да биде основ за поведување на дисциплинска постапка за сторена повреда во вршењето на функцијата. Од друга страна, евиденцијата која Советот ја води по однос на претставките и нивната основаност, треба да биде земена во предвид при спроведувањето на постапка за избор на јавни обвинители на или во повисоките јавни обвинителства.

Ваквата поставеност на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во правниот систем на државата, ја ограничува неговата надлежност и ја стеснува рамката во која може да постапува и да ја остварува својата основна и приоритетна надлежност, а тоа е создавање на квалитетна и ефикасна јавно обвинителска организација, преку избор на квалитетни јавни обвинители како носители на јавно обвинителската функција.

Потребно е да се извршат одредени измени и дополнувања во Законот за јавното обвинителство и во Законот за Советот на јавните обвинители на

Република Северна Македонија, во насока да се даде поголема автономија на Советот во однос на следењето на работата на јавните обвинители во смисла на законитоста и ажурноста на нивното постапување, без при тоа да се наруши самостојноста и независноста на секој јавен обвинител во делот на донесувањето на јавно обвинителските одлуки.

## 2. Примени претставки, поплаки и постапување

Во текот на 2025 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија постапуваше по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица, во согласност со Законот за јавното обвинителство, Законот за Советот на јавните обвинители и Деловникот за неговата работа.

При тоа, во извештајната година се евидентирани вкупно 152 претставки по кои што постапувал Советот, односно неговите членови како координатори на одделни подрачја на Вишите јавни обвинителства. Споредено со претходната 2024 година кога биле евидентирани 147 претставки, забележано е благо зголемување на бројот на поднесени претставки и поплаки во 2025 година.

Во однос на подносителите на претставките, од вкупниот број на поднесени претставки, 128 се поднесени од физички лица, 18 се поднесени од правни лица, 4 се анонимни т.е. од непознат подносител и 2 претставки се поднесени од други, во смисла на УЈП, ДКСК, Агенција за катастар, Нотар и сл.

Најчесто претставките се поднесени од страна на лица со статус на оштетени и нивниот број изнесува 140, додека останатите претставки и тоа: 6 претставки се поднесени од страна на обвинети/осомничени лица и 6 претставки се поднесени од други, во смисла на анонимни пријави, други лица-заинтересирани, а кои немаат статус на оштетен или обвинет.

**Учеството на субјектите во поднесувањето на претставките е прикажано во табелите 1 и 2.**

***Табела 1***

| **ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ ЗА 2025 година** | | |
|---|---|---|
| Физички лица | 128 | 84,21 % |
| Правни лица | 18 | 11,84 % |
| Анонимни | 4 | 2,63 % |

| | | |
|---|---|---|
| Други | 2 | 1,31 % |
| Вкупно | 152 | 100% |

***Табела 2***

| СТАТУС НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ ЗА 2025 година | | |
|---|---|---|
| Оштетени лица | 140 | 92,10 % |
| Обвинети/осомничени лица | 6 | 3,95 % |
| Други (заинтересирани лица, анонимни и сл.) | 6 | 3,95 % |
| **Вкупно** | **152** | **100%** |

Од податоците во табелите 1 и 2 произлегува заклучокот дека во 2025 година најголемиот број на претставки се поднесени од оштетените лица кои учествуваат со 92,10 % од сите претставки, а додека во многу помал број незадоволство од постапувањето на јавните обвинители изразиле обвинетите лица, чиј процент изнесува 3,95%.

Од вкупно поднесените 152 претставки, спрема јавните обвинители од Јавното обвинителство на РСМ е поднесена 1 претставка, 12 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, додека пак најмногу претставки 83 се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје. Понатаму 18 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, 24 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар и 14 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип.

Бројот на поднесени претставки за работата на јавните обвинители по одделни Виши јавни обвинителства, вклучувајќи ги и претставките спрема јавните обвинителства од Основните јавни обвинителства од нивно подрачје, е прикажан во табелите бр.3, 4, 5 и 6, а како што следува:

*Табела 3*

| ВЈО Скопје | Основно јавно обвинителство | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | Куманово | Велес | Кавадарци | Крива Паланка | Гевгелија | |
| 3 | 63 | 5 | 4 | 5 | 1 | 2 | 83 |

*Табела 4*

| ВЈО Битола | Основно јавно обвинителство | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | Прилеп | Охрид | Ресен | Струга | |
| 1 | 4 | 4 | 7 | 1 | 1 | 18 |

*Табела 5*

| ВЈО Штип | Основно јавно обвинителство | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Штип | Кочани | Струмица | Радовиш | Делчево | Берово | Свети Николе | |
| 1 | 3 | 2 | 5 | 1 | / | 2 | / | 14 |

*Табела 6*

| ВЈО Гостивар | Основно јавно обвинителство | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Гостивар | Тетово | Кичево | Дебар | |
| 1 | 8 | 8 | 7 | / | 24 |

Очигледно е дека најголемиот број на претставките се однесуваат на работата на јавните обвинители од Основното јавно обвинителство Скопје, што е и очекувано, имајќи го во предвид обемот на работата што ова основно јавно обвинителство го има во однос на сите останати основни јавни обвинителства во државата.

Како што погоре е веќе наведено, најголем број на претставки се поднесени од оштетени лица кои најчесто изразуваат незадоволство од времетраењето на постапката, односно укажуваат на неажурност во преземањето на дејствија од страна на јавниот обвинител кој постапува по конкретниот предмет, како и од донесените јавно обвинителски одлуки, меѓу кои се и решенијата за отфрлање на кривична пријава. Во помал број се претставките во кои оштетените лица искажуваат незадоволство поради недобивање известување за текот на постапката пред јавното обвинителство во подолг период, а има и претставки кои не се однесуваат на работата на јавните обвинители, ниту пак се поврзани со некаков кривичен настан.

Незначителен е бројот на претставките во кои се искажува незадоволство поради настапената застареност на кривичното гонење и неможноста јавниот обвинител да презема дејствија по кривичната пријава.

Во поднесените претставки од обвинетите лица се искажува незадоволство поради нивниот статус на обвинети, односно поради тоа што против нив се води кривична постапка, при што сметаат дека целата постапка е тенденциозна и дека јавните обвинители се нестручни и погрешно го применуваат материјалното право при донесувањето на одлуките.

Во дел од претставките подносителите бараат изземање на јавните обвинители кои постапуваат по конкретните предмети, а во одредени случаи бараат поведување на дисциплински постапки и нивно разрешување.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во текот на 2025 година постапи по сите поднесени претставки на начин како што е утврдено со Законот и во согласност со Деловникот за неговата работа.

Во рамките на своите надлежности побарано е од повисоките јавни обвинителства да извршат надзор над работењето на посочените јавни обвинители во пониските јавни обвинителства на кои се однесуваат претставките, а со цел да се проверат изнесените наводи. Воедно преку вршењето на надзорот по конкретниот предмет, повисоките јавни обвинители се запознаваат со искажаните незадоволства во претставките и се утврдуваат евентуалните пропусти и незаконитости во постапувањето, кои можат за овластениот предлагач да претставуваат основ за поведување на дисциплинска постапка во согласност со Законот за јавното обвинителство и да влијаат при оценувањето.

Општ впечаток од постапувањето по претставките е дека повисоките јавни обвинителства ги уважуваат барањата за надзор доставени од страна на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и по истите постапуваат, при што за констатираната состојба во однос на постапувањето на конкретниот јавен обвинител доставуваат извештај со искажани констатации за преземените процесни дејствија по предметот, но сепак постојат случаи кога извештаите се доставуваат со задоцнување. Од таа причина, Советот на јавните обвинители не успева секогаш да достави одговор до подносителите на претставките во краток рок.

По сите претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на јавните обвинители доставени до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во 2025 година, а кои се на број 152, од страна на членовите на Советот е постапено по истите така што се преземени активности во смисла на испитување на основаноста на наводите од претставките, преку доставување на барања за вршење на надзор до непосредно повисокото јавно обвинителство. Во однос на 106 претставки, Советот им испратил одговор на подносителите, а после добиената информацијата од извршениот надзор од страна на повисокото јавно обвинителство, кое согласно законот е надлежен да изврши надзор над законито и навремено извршување на јавнообвинителската функција, во смисла на член 28 став 1 и 2 од Законот за јавното обвинителство. Од сите претставки поднесени во оваа извештајна година, 2 претставки се препратени на надлежност на постапување на други органи, а во однос на 44 се чека на одговорот на барањата на Советот за вршење на надзор од страна на повисокото јавно обвинителство, па од таа причина на подносителите на 44 претставки не им било одговорено од страна на Советот во извештајната година.

Во текот на проверките на наводите на дел од претставките се воочени пропусти во постапувањата на јавните обвинители во некои од предметите, но пред се од формална природа и притоа е констатирано дека истите не биле од влијание на законитоста на донесените одлуки. Сепак од страна на повисоките јавни обвинителства им е укажано во иднина да не се повторуваат вакви пропусти.

Исто така, во 2025 година Советот утврди основаност на неколку претставки насочени спрема работата на јавен обвинител, како резултат на што по добивањето на информацијата за извршен надзор од страна на повисокото јавно обвинителство, истите се препратени на понатамошно постапување до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## 3. Постапување по други поднесоци

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во 2025 година постапувал и по други поднесоци, вкупно 191, што во однос на евидентираните 156 во 2024 година, претставува одредено зголемување во обемот на работа по тој основ.

Од наведените други поднесоци, потребно е да се истакне следното постапување на Советот:

- Разгледани се месечните извештаи за работата на јавните обвинители по јавни обвинителства, каде што истите ја обавуваат функцијата;
- Разгледани и оценети се годишните извештаи за работа во 2024 година на основните јавни обвинителства, годишниот извештај за работа на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на четирите виши јавни обвинителства и годишниот извештај на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кои се позитивно оценети од страна на Советот на јавните обвинители;
- Разгледани се одлуките за оценување на јавните обвинители кои се пријавиле на огласите кои беа објавени за избор на јавни обвинители во јавните обвинителства;
- Разгледани се сите извештаи, кои се доставени до Советот од редовните контроли на работењето на јавните обвинители во основните јавни обвинителства;
- Разгледани се извештаите од извршениот вонреден надзор од страна на Јавното обвинителство на РСМ врз Вишите јавни обвинителства;
- Разгледани се извештаите на Академијата за судии и јавни обвинители за континуирана обука на обвинители  на сите нивоа и сл.;

- Постапувано е по покани и известувања од Комората на извршители на РСМ, Нотарската Комора на РСМ во врска со дисциплинските постапки во чии комисии има по еден претставник од членовите на Советот на јавните обвинители;
- Постапувано е по дописи од Министерство за информатичко општество и администрација во врска со годишниот план за вработување;
- Одговарано е на пристигнати новинарски прашања и сл.

## 4. Постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Советот како имател на информации за својата работа, постапува по поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер, преку службеното лице за посредување со информации.

Во текот на 2025 година, односно во период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година до Советот на јавните обвинители на РСМ се примени 2 (две) барања за пристап до информации од јавен карактер, на кои е позитивно одговорено и не се евидентирани жалби против овие решенија до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер,

Согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Советот како имател на информации се грижи редовно да води и да ја ажурира листата на информации со кои располага и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (интернет страница).

# VI. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 1. Соработка на Советот со државни органи и институции и меѓународна соработка

Институционално зајакнување на Советот како самостоен орган само по себе е негова цел и нужна потреба заради обезбедување на самостојноста и независноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција,

според општо прифатени стандарди содржани во меѓународни конвенции и препораки, како и нивна имплементација во домашното законодавство.

Во контекст на наведеното, Советот во 2025 година има остварено директна соработка со јавните обвинителства, преку секојдневни контакти и непосредни средби по разни основи, исто така и со Академијата за судии и јавни обвинители, во чии органи како што се Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за ревизија на испитите, Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит, Советот учествува со свои членови.

Во извештајната година продолжи соработката на Советот на јавните обвинители со Министерството за правда и со Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, преку учество на неговите членови во разни комисии и работни тела, како што е работната група за изготвување на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство и на Законот за Советот на јавните обвинители, како и во националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство.

Советот на јавните обвинители соработуваше и со Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд на РСМ, Здружението на јавните обвинители на РСМ, Здружението на судиите на РСМ, како и со други државни органи и институции.

Исто така, Советот на јавните обвинители остваруваше соработка и со Комората на извршителите на Република Северна Македонија, со тоа што од своите редови имаше член и заменик член во Дисциплинската комисија на извршителите, како и во Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на РСМ.

Во оваа извештајна година Советот преку свој член или заменик член учествуваше на седници во Етичкиот Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија, на кои што се разгледуваат претставки поднесени против јавни обвинители, поради прекршување на принципите на Етичкиот кодекс на јавните обвинители.

На адреса на Советот на јавните обвинители редовно пристигнуваа покани за учество на разни семинари, конференции и работилници организирани во Република Северна Македонија од страна на Академијата за судии и јавни обвинители и други правосудни институции, а каде членовите на Советот земаа активно учество. На некои од овие семинари и работилници учествуваа претставници и експерти од меѓународни институции. Притоа со истите се одржувани и билатерални средби, со цел изложување на проблемите со кои се соочува Советот и воопшто јавното обвинителство во своето функционирање, а

се со цел подобрување на ефикасноста, транспарентноста, ажурноста, стручноста и професионалноста во работењето.

На покана на Академијата за судии и јавни обвинители во месец мај 2025 година, Претседателот на Советот на јавните обвинители беше на студиска посета на Анкара – Р. Турција, каде беа посетени неколку институции и тоа: Правосудната академија на Турција, Министерството за правда, Врховниот суд, Суд на Западна Анкара и Советот на судии и обвинители на Р. Турција. Целта на посетата беше јакнење на правосудната соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители на двете земји.

Во текот на месец август 2025 година, член на Советот на јавните обвинители беше на студиска посета во Тирана, Р. Албанија како дел од континуираната поддршка на Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ, DCAF- Женевски центар за управување со безбедносниот сектор. Притоа ја посетија Школата за магистрати на Албанија и институцијата СПАК кои се значајни за реформски процеси во државата.

Во месец септември 2025 година во Тирана-Република Албанија, под покровителство на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, член на Советот на јавните обвинители учествуваше на Регионалната конференција за размена на искуства фокусирана на интегритетот на судиите и јавните обвинители, и тоа како еден од панелистите на тема - дисциплински постапки и постапки за разрешување на јавните обвинители.

Во месец октомври 2025 година во организација на проектот “Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, финансиран од Европската унија, претставници на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија како дел од делегацијата составена и од претставници на Јавното обвинителство на РСМ и Академијата за судии и јавни обвинители, ги посети највисоките јавнообвинителски институции во Португалија, со седиште во Лисабон. Целта на студиската посета беше да им се овозможи на учесниците да се запознаат со правната рамка, секојдневното работење и функционирање на Советот на јавните обвинители, Академијата за правни студии и Јавното обвинителство во друга земја-членка на ЕУ, како би имале можност да ги пренесат и имплементираат најдобрите стандарди, искуства и практики во секојдневното работење. Во рамките на посетата беа вклучени следните институции: Државно јавно обвинителство на Португалија, Вишиот Совет на јавни обвинители, Инспекциска служба во рамките на Државното јавно обвинителство, а која е тесно поврзана и соработува со Вишиот Совет на јавни обвинители, Специјализираното јавно обвинителство за истраги во Лисабон кое постапува по најтешките и најсложените предмети на цела територија на Португалија, а каде беше презентиран електронскиот систем за водење на предметите во тоа обвинителство, како и Академијата за правни студии во Лисабон.

Во месец ноември 2025 година на покана на Министерството за правда на РСМ, член на Советот на јавните обвинители учествуваше на on-line состанок со Европската комисија на која се дискутираше за статусот на чекорите од Реформската агенда во областа на владеење на правото, а на кој присуствуваа и претставници од Министерство за правда, Министерство за финансии, Судскиот совет на РСМ и Академијата за судии и јавни обвинители.

Во месец декември 2025 година на покана од Министерството за правда, член на Советот на јавните обвинители учествуваше на меѓуинституционална работна средба за координација на процесот на спроведување на "Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028 година со Акцискиот план", на која секој од присутните претставници на институциите имаше кратка презентација за статусот на спроведување на активностите во текот на 2025 година и плановите за реализација во следната година. Целта на работната група беше понатамошно унапредување на координацијата помеѓу клучните органи на кои во Акцискиот план од Стратегијата им е доверено спроведувањето на конкретни активности планирани со овој стратешки документ, како и подобрување на системот за известување на статусот на спроведување на активностите во текот на 2025 година и плановите за реализација во следната година.

Исто така, Советот остваруваше значајна соработка и со невладини и граѓански организации, преку учествување на конференции и работилници организирани од нивна страна.

Така на ден 26.12.2025 година на покана на Коалицијата "Сите за правично судење", двајца членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија присуствуваа на завршната конференција за презентација на годишните извештаи од мониторингот на Коалицијата "Сите за правично судење" во 2025 година, на која Претседателот на Советот на јавните обвинители учествуваше како еден од панелистите, со свое обраќање на тема "Одговорност со суштина - вистинска контрола на професионалноста и интегритетот, неформализам". На конференцијата беа презентирани прибраните и анализирани податоци, вклучително со сите наоди и препораки од изготвените финални анализи од спроведениот мониторинг на судските постапки и на закажаните јавни седници на Советот на јавните обвинители и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Оваа извештајна година се формираше Мултисекторско работно тело за следење на фемициди и обиди за фемицид во рамки на проектот "Опсерваторија за фемициди - Превенција и мониторинг" поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, имплементиран преку Хелсиншкиот комитет за човекови права и Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, а

каде Советот на јавните обвинители номинираше свој член и заменик член како резултат на склучениот Меморандум за соработка со наведените граѓански организации и Јавното обвинителство на РСМ.

# VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 1. Транспарентност и односи со јавноста на Советот на јавните обвинители

Содржината на одредбата од член 10 и 10-а од Законот за Советот на јавните обвинители и чл.14 од Деловникот за работа на Советот на Јавните обвинители ја гарантираат и обезбедуваат транспарентноста на Советот кон јавноста во однос на делокругот од своето работење.

Транспарентноста претпоставува и гарантира јавност во делувањето на Советот на јавни обвинители и воопшто на јавнообвинителскиот систем, преку видливост на нивното работење, согласно со надлежностите кои се предвидени во Законот за Советот на јавните обвинители и во Законот за јавното обвинителство.

Во извештајната година со цел зголемување на довербата на јавноста во јавнообвинителскиот систем, Советот на јавните обвинители донесе Стратегија за комуникација и транспарентност 2025-2028 година, објавена на веб страницата на Советот, а во соработка и подржано од проектот “Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ преку негова стручна и техничка помош. Стратегијата претставува документ со кој се дефинираат начелата, стандардите, средствата и начинот на комуникација, како и основните постулати на транспарентно работење. Донесувањето и примената на овој стратешки документ за градење на планска комуникација, како и работење врз основа на принципот на транспарентност гледано од аспект на континуитет, претставува основа за следење на развојот на институцијата и основ за изработка на следни стратегии кои ќе водат кон подобрување на работењето и зголемување на довербата во институциите.

Советот и оваа извештајна година продолжи со целосно почитување и примена на законската одредба од член 10 и 10-а од Законот за Советот на јавните обвинители, со тоа што сите седници на Советот во текот на 2025 година беа отворени за јавноста и на истите присуствуваа новинари, медиуми, невладини и други организации. Претседателот на Советот на јавните обвинители во континуитет соработуваше со медиумите и новинарите, одговарајќи на прашања од интерес за јавноста, после одржувањето на секоја

седница, а исто така одговараше на нивни прашања добиени телефонски или преку електронска комуникација.

Одлуките на Претседателот на Советот на јавните обвинители за свикување на седница со предложениот дневен ред се објавуваа на веб-страницата на Советот, неколку дена претходно со цел навремено информирање на медиумите и јавноста. За работата на секоја закажана седница, се водеше записник и седницата се снимаше тонски. По завршување на седниците, Претседателот на Советот одржуваше прес-конференции, како и брифинзи со новинарите, по нивно барање. Преку усвоените записниците од секоја седница, кои ги содржеа и донесените одлуки, информација со колкав број на гласови се донесени истите како и ставовите на членовите на Советот поединечно за точките од дневниот ред, со образложението за причините за носење на таквите одлуки, јавноста имаше можност да добие јасна слика за ставовите и работењето за секој член на Советот поединечно. Исто така после секоја седница на Советот се објавуваше соопштение од одржана седница со краток осврт на разгледаните точки од дневниот ред, се објавуваа донесените одлуки на Советот, образложенијата на одлуките за избор на јавни обвинители, огласите и листите на кандидати по објавените огласи за избор на јавни обвинители, со податоци за кандидатите. Понатаму се објави и мислењето на Советот по предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, поднесен од страна на Владата на Република Северна Македонија од 25.02.2025 година, како и други објави и соопштенија кои имаат за цел јавноста да биде навремено информирана за работата на Советот на јавните обвинители.

Како резултат на извршеното редизајнирање на веб страницата на Советот на јавните обвинители минатата извештајна година, беа создадени подобри услови за поголема транспарентност на работењето на Советот на јавните обвинители и се продолжи во таа смисла да се објавуваат повеќе содржини на веб страницата, нивна подобра организација, систематизација што значи полесен и побрз пристап на јавноста до дадените информации, податоци, акти, одлуки и сл.

## VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

### 1. Состав на Совет

Советот на јавните обвинители во 2025 година немаше избор за член на Советот од редот на јавните обвинители, со оглед дека нивниот број во Советот беше пополнет.

Од страна на Собранието беше избран еден член на Советот на јавни обвинители од редот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на кој начин Советот оваа извештајна година во својот состав се комплетираше и броеше 11 членови, колку што се предвидени согласно законот.

## 2. Внатрешна организација

Извршувањето на стручни, административно правни и општи работи, како и работи од областа на буџетското и финансиското работење се во надлежност на стручната служба на Советот на јавните обвинители. Во текот на 2016 година беа донесени два правилници и тоа: Правилник за внатрешна организација на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Македонија и Правилник за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Македонија, со датум од 23.11.2016 година. Измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работите места се направени во 2021 година, па истите се негов составен дел. Со внатрешната организација на работните места во Советот се обезбедува законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите, како и независност и одговорност при вршењето на работите и задачите.

Согласно донесените правилници, во Стручната служба се образуваат две организациони единици и тоа:

- Одделение за административно правни и општи работи и
- Одделение за буџет и финансиски работи.

Генералниот секретар раководи со Стручната служба, ја организира и усогласува работата и се грижи за единствено функционирање и унапредување на организацијата на стручната служба.

Од предвидените 13 работни места, во Стручната служба се вработени 6 лица, со следните звања: Генерален секретар, помлад соработник за координација на активностите и протоколарни работи на претседателот на Советот, самостоен референт-уписничар, самостоен референт-архивар, раководител на одделението за буџет и финансиско работење и самостоен референт-економ.

Во извештајната 2025 година на двајца вработени им престана работниот однос со спогодба кои беа на работни места со следните звања: советник за прави работи и помлад соработник за ИТ службата.

Работните места хигиеничар и возач – доставувач кои се предвидени со систематизацијата, и оваа извештајна година, како и минатата останаа непополнети, со оглед дека надлежните не дадоа согласност за вработување.

### 3. Услови за работа

Со Одлука на Владата на РМ во октомври 2013 година, на Советот на јавните обвинители на трајно користење му беа доделени 527 $m^2$ деловен простор, на 5-ти кат од зградата на улица Кеј Димитар Влахов во Скопје, каде просторните и хигиенско-техничките услови не ги задоволуваше потребните критериуми и услови за непречено вршење на функцијата на Советот и истото беше нотирано и во претходните извештаи. Поради најава за реновирање на зградата во која беше сместена институцијата, се најде решение за ново просторно сместување на Советот на јавните обвинители и тоа на третиот кат во зградата на Апелациониот суд Скопје. Од месец јуни 2024 година кога се изврши преселбата па до денес, Советот функционира во истите простории, во кои се извршени минимални адаптации и реновирање согласно расположливите финансиски средства. Меѓутоа во иднина е потребно да се одобрат повеќе финансиски средства како би можело да се замени стариот и дотраен инвентар во зградата во Апелациониот суд Скопје, каде е сместен Советот, со што би се создале попристојни услови за нормално функционирање на институцијата.

## IX. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И БУЏЕТОТ 2025 ГОДИНА

### 1. Одобрен – реализиран буџет

Од почетокот на 2021 година, Советот на јавните обвинители доби самостоен буџет. Овој начин на обезбедување средства за работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија овозможува Советот активно да учествува во проектирањето на сопствениот буџет и претставува чекор напред во обезбедувањето на финансиските средства и ја зголемува неговата самостојност и независност. Делејќи ја судбината на сите буџетски корисници од јавниот сектор, на Советот за 2025 година му беше одобрен буџет во износ од 33.579.000,00 денари, од кои 20.829.000,00 денари се распоредени за основни плати, 8.100.000,00 денари за придонеси за социјално осигурување, 237.000,00 денари за надоместоци, што претставуваат 86,85% од вкупно определениот буџет за 2025 година.

Значителен дел од средствата во износ од 2.140.000,00 денари беа наменети за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, што претставува 6,37% од вкупниот буџет.

Преостанатите средства наведени во табеларниот приказ учествуваат со 6,78% од определениот буџет. Дел од нив беа искористени за набавување на нова техничка опрема, за склучување на договорни услуги и сл.

**Табела на одобрени и реализирани средства во буџетот за 2025 год.**

| | ОПИС | БУЏЕТ | РЕАЛИЗИРАН | РАЗЛИКА | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 20.829.000,00 | 20.517.744,00 | 311.256,00 | 98 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 8.100.000,00 | 7.975.371,00 | 124.629,00 | 98 |
| 404 | Надоместоци | 237.000,00 | 86.604,00 | 150.396,00 | 36 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 126.000,00 | 11.249,00 | 114.751,00 | 9 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.140.000,00 | 1.952.975,00 | 187.025,00 | 91 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 350.000,00 | 292.272,00 | 57.728 ,00 | 83 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 400.848,00 | 239.319,00 | 161.529,00 | 60 |
| 425 | Договорни услуги | 600.000,00 | 588.536,00 | 11.464,00 | 98 |
| 426 | Други тековни расходи | 250.000,00 | 169.009,00 | 80.991,00 | 68 |
| 464 | Разни трансфери | 184.000,00 | 123.835,00 | 60.165,00 | 67 |
| 465 | Исплата по извршени услуги | 99.152,00 | 99.152,00 | 0,00 | 100 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 150.000,00 | 115.000,00 | 35.000,00 | 77 |
| 483 | Купување на мебел | 113.000,00 | 69.238,00 | 43.762,00 | 61 |
| | **ВКУПНО** | **33.579.000,00** | **32.240.304,00** | **1.338.696,00** | **96** |

Би требало да се напомене дека Советот на јавните обвинители е буџетски корисник од прва линија во Буџетот на Република Северна Македонија кој со својата дејност не остварува приходи, односно добивка, што значи дека средствата што ќе му бидат одобрени со буџетот за тековната година се тие со којшто може да располага т.е да троши за неговите потреби.

Со определениот буџет, Советот на јавните обвинители не беше во можност да ги подобри условите за редовна работа кои бараат подобри просторни и материјални услови, како и кадровска екипираност, а се работи за институција која е клучна за работењето на сите јавни обвинителства во Република Северна Македонија. Исто така поради немање на средства, Советот не беше во можност да присуствува на обуки, состаноци и конференции

организирани надвор од државата, со исклучок на оние кои беа финансирани од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Европската унија преку проектот “Поддршка на ЕУ за владеење на правото“. Ваквите обуки и посети претставуваат значаен сегмент за подобрување на работата на правосудството воопшто и неговите реформи кои се во тек и ќе следат.

Покрај тоа што постојано информира и бара зголемување на буџетските средства во насока на подобрување на условите за непречено функционирање, Советот и оваа извештајна година не успеа да обезбеди попристојни услови за нормално извршување на функцијата, а продолжи да работи и со недоволен број на кадровски капацитети во стручната служба.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија иако во текот на 2025 година се соочуваше со потешкотии во неговото функционирање, сепак сите надлежности од делокругот на своето работење успешно ги има извршено и ќе продолжи во иднина во своите заложби за подобро и поефикасно функционирање на јавнообвинителските институции во насока на обезбедување на самостојноста и независноста на јавните обвинители и зајакнување на довербата на јавноста во јавнообвинителскиот систем воопшто.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Башким Бесими**